Врз основа на член 28 став 2.3 и член 70 став 7 од Законот за култура („Службан весник на Република Македонија“ број 31/98, 49/03, 82/05, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), а во врска со член 13 став 2 алинеја 3 од Статут бр.02-302/6 од 08.06.2015 година, 01-172/3 од 12.03.2019 година и бр. 02-382/5 од 07.08.2020 година и Решението на министерот за култура под Бр. УП1 31-694/2023 од 08.02.2024 година, под наш арх. бр. 01-232/1 од 16.02.2024 година, в.д. Директорот на НУ Музеј на македонската борба за самостојност - Скопје на ден 27.02.2024 година донесе:

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2024 ГОДИНА
на НУ Музеј на медонската борба за самостојност - Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - INSTITUCIONI NACIONAL
МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА САМОСТОЈНОСТ
MUZEU I LUFTËS MAQEDONASE PËR PAVARËS
Бр.-Nr. 01-263/1
27.02.2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Наративен дел

НУ Музеј на македонската борба за самостојност и во 2024 година продолжува со реализација на проекти поддржани од Министерство за култура на Република Северна Македонија, како и проекти кои предвидуваме да се реализираат од сопствени средства.

НУ Музеј на македонската борба за самостојност - Скопје оваа 2024 година ќе реализира повеќе проекти од областа на музејска дејност, заштита на нематеријално културно наследство и проекти од областа на визуелните уметности.

Програмски активности поддржани од Министерството за култура на Република Северна Македонија:

I Од областа на музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство:

- **Измени и дополнувања на музејска поставка “Македонија во поилинденскиот период“**

Поилинденскиот период зазема значајно место во македонската историографија. Ова е период исполнет со значајни настани кои оставиле, длабоки траги врз општествено - политичкиот и економскиот живот во османлиска Македонија. Последиците од Илинденското востание тешко се одразиле врз животот на населението поради засилените репресалии од османлискиот воен фактор. ТМОРО влегла во период на заслабена кохезија и видна парализација на силите. Започнал период на засилено присуство на вооружените балкански пропаганди. Големите сили водени од сопствените интереси во Империјата го наметнале спроведувањето на Мирцштетските реформи.

Ова се само дел од настаните кои бараат соодветно научно интерпретирање и објективно претставување во делот од музејската поставка кој е посветен на поилинденскиот период. Водејќи се од оваа претпоставка се наметна потреба од измени, реорганизација, адаптација и реконцепција како и технолошко осовременување на делот од музејската поставка кој е посветен на овој значаен период од нашата историја.

Замислата и предвидениот план за реализација на проектот се детално изнесени во Образецот за проекти од областа на музејската дејност и нематеријалното културно наследство со архивски број 01-460/6 од 30.06.2023 година. Согласно одобрените финансии и потребите на музејот истиот се редефинира.

Добиени средства од Министерството за култура на Република Северна Македонија за реализација на проектот 150.000 денари.

- **Измени и дополнувања на постојна поставка "Македонија во Втора светска војна"**

Врз основа на анализата на веќе изложениот фонд во постојаната поставка преку историско-документарни материјали, одредени настани ќе бидат дополнети и изменети.

Веруваме дека овој проект е од големо значење бидејќи музејот ќе даде директен придонес кон афирмирање на славното антифашистичко минато, кое е втемелено во македонската државност.

Добиени средства од Министерството за култура на Република Северна Македонија за реализација на проектот 150.000 денари.

- **Преснимување и постпродукција на дигитален носач на аудио интервјуа од дониран фонд Вера Циривири Трена**

Целокупниот дониран фонд од семејството на Вера Циривири Трена, стручно и начучно е обработен и инвентаризиран, со исклучок на две аудио касети, кои претставуваат документарно сведоштво за антифашистичката борба на Вера Циривири - Трена, Членовите на нејзиното семејство и нивните соработници.

Овој проект е подготвен во соработка со стручен соработник од НУБ Св Климент Охридски - Скопје и во соработка со аудио инженер имаме за цел да направиме преснимување и постпродукција на аудио наративот од касетите на дигитален носач.

Добиени средства од Министерството за култура на Република Северна Македонија за реализација на проектот 50.000 денари.

- **Едукативен проект за деца и возрасни со и без попреченост "Куфер на минатото"**

Целта на проектот е доближување на музејот до учениците и лицата со попреченост со работилници со адаптирана методологија, според секоја целна група. Целна група на проектот се ученици од редовна настава, децата со попреченост од специјалните училишта, како и возрасни лица.

Проектот е креиран во соработка со стручни лица од областа на музејската едукација, пристапност на музеите, информатички технологии, наставници, дефектолози и др.

Добиени средства од Министерството за култура на Република Северна Македонија за реализација на проектот 60.000 денари.

- **Каблирање и нумерирање на постоечки мрежни системи**

Брз и ефикасен пристап и раководење на мрежната поставеност, пронаоѓање, означување и нумерација на сите мрежни порти низ музејската поставка, канцеларии и самиот објект. Како и средување и каблирање на одредени позиции за подобра пристапност на WIFI и фиксна интернет мрежа.

Добиени средства од Министерството за култура на Република Северна Македонија за реализација на проектот 150.000 денари.

II Од областа на меѓународната дејност:

- **Учество на меѓународна конференција на библиотекари, архивисти и музеолози во Цетиње, Црна Гора**

Со овој проект се предвидува учество на институционален претставник м-р. Даниела Трајкова Крстиќ кустос-историчар на петтата меѓународна конференција на библиотекари, архивари и музеолози (ЛАМ). Оваа конференција се одржува ви организација на Националната библиотека на Црна Гора „Ѓурѓе Црнојевиќ“ секоја година на различна тема која произлегува од приоритетните поставени во „ЕУ Агенда 2030 за одржлив развој“ се со цел достигнување на европските насоки и искуства за соработка помеѓу библиотекари, архиви и музеи. Проектот е подготвен по покана на организаторот. Очекуваме дека на оваа конференција ќе имаме можност да се запознаеме со успешни и иновативни практични примери и мерки од областа на заштитата на културното наследство во музејската дејност.
Преку стекнување на нови знаења, вештини и инвестурање во професионалниот развој на вработените, даваме
Добиени средства од Министерството за култура на Република Северна Македонија за реализација на проектот 40.000 денари.

- **Изложба “Од семејно кон институционално наследство семејство Шабан во Киц Истанбул“**

Привремената музејска експозиција е планирана да се реализира во текот на месец септември 2024 г., во просториите на Македонскиот Културно-информативен центар во Истанбул . Во изложбениот простор ќе бидат претставени лични предмети, документи , ордени, фотографии и признанија, како и платна со наративни текстови. За реализирање на изложбата ќе се печатати каталог, банер, плакат и покани.

Целта на изложбата е промоција на културно наследство кое има заеднички карактеристики поради потеклото и примената на истото во социо-економскиот и општесвениот живот на двете теритирии на кои се однесува изложбата, како и продлабочување на соработката и негување на традиционални вредности и понатамошна промоција на самата изложба во други центри.
Добиени средства од Министерството за култура на Република Северна Македонија за реализација на проектот 150.000 денари.
Дополнителни средства за оваа изложба предвидуваме да обезбедиме преку донации.

- **Учество на годишна конференција на мрежата на европски музејски организации НЕМО во 2024 г.**

Реализација на проектот јули-ноември 2024 бидејќи Конференцијата се одржува во текот на ноември 2024. Во август се очекува да бидат објавени датумите и да се отвори регистрацијата, за да може да се резервираат билети и хотелско сместување.
Добиени средства од Министерството за култура на Република Северна Македонија за реализација на проектот 60.000 денари.

- **Годишна чланарина во НЕМО**

Реализација март-април 2024. Средствата ќе се побараат веднаш по административното одобрување на Годишната програма на музејот. Поради зголемената членарина која од оваа година изнесува денарска противвредност од 300 ЕУР (изменатa е направена во ноември 2023), музејот ќе треба да ја надополни разликата од 50 ЕУР од сопствени средства.
Добиени средства од Министерството за култура на Република Северна Македонија за реализација на проектот 17.000 денари.

III Од областа на инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема:

- **Одржување на систем за ладење и греење (Чилер)**

Системот за ладење и греење (чилер) е подложен на постојани дефекти, кои треба веднаш да бидат санирани, бидејќи системот е клучен фактор за одржување на константна температура во постојаната музејска поставка, како и за проеториите кои музејот времено ги отстапува изнајмува за одржување на настани.
Добиени средства од Министерството за култура на Република Северна Македонија за реализација на проектот 280.000 денари.

<u>Вон програмски активности планирани за тековната 2024 година се:</u>

- **Омаж на Анте Поповски „Тајнопис на непокорот“**

Овој проект е реализација на завршна фаза од Годишната програма на музејот за 2023 година.
За реализација предвидуваме средства од 103.000 денари.

- **Дополнување на музејска поставка - Ликот и делото на академик Матеја Матевски**

Овој проект е реализација на завршна фаза од Годишната програма на музејот за 2023 година.
За реализација предвидуваме средства од 95.000 денари.

- **Изложба „Анатомија на муралот Илинден 1903 од Борко Лазески“**

Предвидуваме изложба на 30 скици од авторот работени за изведба на споменатиот мурал од 1950 година, печатење на деплијан, плакат и банер за најава.
Анатомија на муралот "Илинден 1903" е анализа на истоимената фреска на Борко Лазески, која претставува значаен дел од македонското културно и историско наследство. Овој мурал изведен во фреско-боно техника (260 x 520 см), е изработен во 1950 година, и е прв ваков зафат во нашата земја. Тематиката го обработува значајниот момент од македонската историја, Илинденското востание од 1903 година. Муралот бил лоциран во некогашниот Дом на Армијата (ЈНА) во Скопје, кој бил срушен во земјотресот од 1963 година и реизведен во 1991 година во Крушево.
За реализација на изложбата предвидуваме средства од 125.000 денари.

- **Изложба „Светлана Христова Јоциќ“**

Членовите на семејството на поетесата Светлана Христова Јоциќ, дониараше личен фонд на предмети на музејот. Се предвидува привремена изложба на дониранот фонд, печатење на информативна табла на фолија и банер за најава.
За реализација на изложбата предвидуваме средства од 15.000 денари.

- **Едукативни и креативни работилници за деца и млади**

Во годишната програма предвидуваме едукативни и креативни работилници наменети за ученици од основните училишта, како доплнителна алатка за збогатување и доплнување

на едукативната програма. Во текот на 2024 година предвидуваме реализација на три настани од овој тип.
За реализација на работилниците предвидуваме средства од 40.000 денари.

- **Планирани активности за обележување на меѓународни значајни датуми поврзани со културата и музеологијата**:

15 април - Меѓународен ден на уметноста; 18 април - Меѓународен ден на културното наследство; 18 мај - Меѓународен ден на музеите; 2 август - Национален празник (Илинден); 8 септември - Ден на независноста на Република Северна Македонија, патрон на музејот.
За реализација на настани/изложби/конгреси/симпозиуми и слично предвидуваме средства од по 40.000 денари за секое обележување одделно.

- **Членарина за НЕМО**

Доплата од сопствени средства заради поскапување на котизација.
Предвидени средства 4.000 денари.

- **Измени, дополнувања и технолошко осовременување на музејска поставка - „Македонија во илинденскиот период“,**

Во врска со активностите за прившување на проектот: Измени, дополнувања и технолошко осовременување на музејска поставка - „Македонија во илинденскиот период“, дел од годишната програма на НУ Музеј на македонската борба за самостојност – Скопје за 2023 година за проекти од областа на музејската дејност и заштита на нематеријално културно наследство, во делот од поставката која се однесува на Национално револуционерниот период (Илинденски период - 6 одделение) поради непредвидени потешкотии од техничка природа потребно е да се изработи:
- Метална конструкција-рамка за држач на Телевизор TCL 65P638, 65 (165cm)
Andriod SMART со тркалца;
- Адаптација на електричната инсталација.

Во тесна врска со завршните активности за привршување на проектот потребно е да се изработи:
- Капак од плексиглас со ситце за надворешна витрина.

За реализација на предвидуваме средства од 13.000 денари.

- **Одржување на систем за ладење и греење (Чилер)**

Добиените средства од Министерството за култура не се доволни за целосна санација на системот за ладење и греење (чилер) и поради потреба за оспособување на еден од двата компресори кој низ годините е надвор од функција, потребни се дополнителни средства за санирање на дефектот.
За реализација на предвидуваме средства од 120.000 денари.

- **Изработка на промотивен материјал за потребите на музејот**

Дизајн и печат на промотивни материјали (каталози, деплијани, флаери, покани, плакати, банери итн.) за промоција на музејската поставка и вонпрограмските активности.
Предвидени средства за реализација 80.000 денари.

- **Одржување на веб страната на музејот**

Како тековен трошок за одржување на веб страницата на музејот предвидуваме средства од 60.000 денари.

- **Превентивна заштита и итни конзерваторски мерки на дрвениот инвентар, дрвените витрини и обложените ѕидови со дрвени површини во 13-то одделение**

Во 2020 година се отпочна со проектот " Превентивна заштита и итни конзерваторски мерки на дрвените предмети од постојаната музејска поставка" во Музеј на македонската борба, Скопје . По многу направените увиди на состојбата , констатирана е активна црвојадина во континуитет во сите одделенија. Голем дел од предметите-експонати изложени во одделенијата од различни катови не претставуваат материјално културно наследство, особено што се работи за предмети-покуќнина коишто не биле предмет на конзерваторско-реставраторските работи применувани врз нив пред да бидат поставени во постојаната поставка.

Според тоа, вршењето на конзерваторските интервенции мораа да се изведуваат во целата просторија од сите поединечни одделенија, за оваа година се планира 13-то одделение, а се однесуваат на обложени ѕидови со дрвени површини, мебел, стражарски кули и сл. со што би се сопрел секој можен понатамошен ризик и ширење на бионападот. Особено е битно, овие конзерваторско-реставраторски интервенции да се вршат почетокот на летото или пролонгираната пролет за да се избегне вгнездувањето на нови инсекти и излетноста на старите.

Предвидени средства за реализација 25.000 денари.

- **Адаптација на простор за чување и одржување на восочни фигури дислоцирани од постојаната поставка и прв кат од фоајето на музејот**

Како вон програмска активност се предвидува адаптација на простор во постојаната поставка во кој има соосветни микроклиматски услови - соодветна релативна влажност и температура за одржување и чување на восочните фигури.

Предвидени средства за реализација 80.000 денари.

Годишната програма за работа за 2024 година на НУ Музеј на македонската борба за самостојност - Скопје ќе стапи во сила по добивање на Согласност од Управниот одбор НУ Музеј на македонската борба за самостојност - Скопје.

- **Адаптација на простор од поставка со живи сцени во канцелариски простор**

Локацијата каде се наоѓа постоечкиот простор е десната страна од плоштадот Филип Втори Македонски, кат 1 (еден) просторија 1 (еден). За предвидената пренамена добиена е Согласност од Управниот одбор на музејот со архивски број 02-791/7 од 25.12.2019 година, Позитивно мислење од НУ Музеј на РСМ со архивски број 03-201/2 од 27.07.2021 година и Согласност од Министерство за култура на РСМ со архивски број 28-9820/2 од 06.10.2021 година

За адаптацијата на просторот од поставка со живи сцени во канцелариски простор предвидено е изработка на проектна документација и изведба.

Предвидени средства за реализација 150.000 денари.

Скопје, 27.02.2024 година

в.д. Директор
Ана Китановиќ